РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-8277/1
06-08-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието во првото полугодие од 2020 година



Скопје, 2020

СОДРЖИНА


I. Општи информации

II. Табеларен приказ на полугодишен финансиски извештај за 2020

III. Остварени приходи прво полугодие 2020

IV. Остварени расходи прво полугодие 2020

V. Биланс на состојба прво полугодие 2020

VI. Биланс на успех прво полугодие 2020

VII. Табела специфицирани приходи прво полугодие 2020

VIII. Табела специфицирани расходи прво полугодие 2020

IX. Извештај за реализирана инвестициона програма прво полугодие 2020

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот I-VI-2020 година. Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во првото полугодие од 2020 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2019 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јануари - јуни 2020 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

II. Полугодишен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за 2020 година

| Ред .бр. | Опис | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Структурна анализа 2020 | Споредбена анализа (остварено 2020/план 2020) | Споредбена анализа (остварено 2020/остварено 2019) | Образложение/забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **8.204.000.000** | **3.705.308.754** | **3.625.667.714** | **100,00%** | **45,16** | **102,20%** | |
| 1.1 | Приходи од патарина | 3.000.000.000 | 892.140.435 | 1.121.671.110 | 24,08% | 29,74 | 79,54% | |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 1.650.000.000 | 754.807.849 | 753.762.540 | 20,37% | 45,75 | 100,14% | |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 13.686.987 | 11.990.875 | 0,37% | 31,83 | 114,15% | |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 3.100.000.000 | 1.389.920.116 | 1.373.762.588 | 37,51% | 44,84 | 101,18% | |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 411.000.000 | 654.753.367 | 364.480.601 | 17,67% | 159,31 | 179,64% | |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5.743.800.000** | **2.787.989.240** | **2.431.928.215** | **100,00%** | **48,54** | **114,64%** | |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 69.000.000 | 49.328.614 | 32.286.056 | 1,77% | 71,49 | 152,79% | |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1.264.800.000 | 680.271.908 | 535.893.918 | 24,40% | 53,78 | 126,94% | |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 360.000.000 | 269.182.278 | 290.982.428 | 9,66% | 74,77 | 92,51% | |
| 2.4 | Амортизација | 1.700.000.000 | 1.102.618.423 | 863.789.613 | 39,55% | 64,86 | 127,65% | |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 320.000.000 | 97.589.066 | 109.239.112 | 3,50% | 30,50 | 89,34% | |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 2.030.000.000 | 588.998.951 | 599.737.088 | 21,13% | 29,01 | 98,21% | |
| 2.7 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | | |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **2.460.200.000** | **917.319.514** | **1.193.739.499** | | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски** | | 287.555.194 | 29.724.983 | | | | |
| 5 | **Вкупни ненаплатени побарувања** | | 11.773.811 | 7.228.368 | | | | |
| 6 | **Состојба на жиро сметки (денарски и девизни)** | | 1.217.506.608 | 3.208.543.964 | | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 484 | 466 | | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 368 | 334 | | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | | | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | 116 | 132 | | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 30.522 | 30.227 | | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2020 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот јануари - јуни 2020 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во првото полугодие од 2020 година изнесува 1.389.920.116 денари, односно 44,84% од планираните за 2020 година, односно во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 1,18% или за 16.157.528 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 892.140.435 денари, односно 29,74% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2020 година. Во споредба со истиот период од 2019 година, приходот врз оваа основа е помал за 20,46%, односно за 229.530.675 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 754.807.849 денари, што е 45,75% од планираниот приход по таа основа за 2020 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 0,14% или за 1.045.309 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 13.686.987 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи, како и пресметани приходи од укинување на долгорочни резервации.

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 2.818.165 денари, пресметани позитивни курсни разлики 651.935.202 денари или вкупно приходи по двата основи 654.753.367 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јануари - јуни 2020 година направени се расходи по следниве позиции:

**1. Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија________49.328.614** денари:
- трошоци за канцелариски материјали------------------ 1.213.431 денари
- трошоци за средства за хигиена и чистење------------ 364.039 денари
- работни и заштитни униформи-------------------------- 3.869.679 денари
- трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици------- 2.487.829 денари
- трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија-- 41.280.746 денари
- трошоци за ситен инвентар---------------------------------------------------- 112.890 денари

**2. Услуги со карактер на материјални трошоци__________________680.271.908** денари:
- трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------ 6.652.723 денари
- трошоци за одржување патишта (Македонијапат)-------------- 527.921.884 денари
- трошоци за одржување на опрема и згради, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци--- 14.655.253 денари
- режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно, водостопанство)-------- 5.945.570 денари
- трошоци за огласи------------------------------------------------------------ 314.372 денари
- трошоци за надзор над одржување на државни патишта--------- 62.665.001 денари
- трошоци за провизија за здруженија за технички преглед---- 29.130.430 денари
- други трошоци за услуги и услуги за привремено вработени--- 30.187.702 денари
- трошоци за регистрација на службени возила-------------- 43.725 денари
- трошоци за изработка на елаборати----------------------------------- 2.674.743 денари
- други неспомнати трошоци---------------------------------------------- 80.505 денари

**3. Останати трошоци од работењето____________________________ 269.182.278** денари:
- надоместоци за членови на УО и НО------------------------------------------ 685.820 денари
- трошоци за репрезентација (вода наплатни станици и др.) ---------- 536.875 денари
- спонзорства и донации ---------------------------------------------------------- 20.000 денари
- трошоци за осигурување-------------------------------------------------------- 124.999 денари
- трошоци за банкарски провизии---------------------------------------------- 10.660.694 денари
- останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----- 764.779 денари
- трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------- 224.996.219 денари
- исплати по основ на договори за вработени во проектна единица-- 683.820 денари
- трошоци за вештачења, адвокатски услуги, трошоци по судски решенија------------------------------------------------------------------ 30.709.072 денари

денари

**4.Пресметан трошок за амортизација_____________________________ 1.102.618.423 денари**

**5.Трошоци за вработените______________________________________ 97.589.066 денари:**
- Трошоци за бруто плати---------------------------------------------------------- 87.560.845 денари
- Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други----------------------------- 9.339.007 денари

- Трошоци за солидарна помош и отпремнини за пензија за вработени-- 300.669 денари
- Трошоци за службени патувања во странство---------------------------------- 387.317 денари
- Трошоци за осигурување--------------------------------------------------------------- 1.228 денари

**6. Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)________________________________ 588.998.951 денари:**

- негативни курсни разлики--------------------------------------------------- 561.110.493 денари
- камати------------------------------------------------------------------------------- 27.888.458 денари

1.Трошоците за суровини, материјали и електрична енергија се поголеми во однос на истиот период минатата година поради тоа што во ова полугодие пристигнати и платени се повеќе фактури за електрична енергија од претходниот период и трошоци направени за приклучоци кон дистрибутивната мрежа за осветлување на клучки и раскрсници на државните патишта.

2.Услуги со карактер на материјални трошоци во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период од минатата година поради поголем исплатен износ по пристигнати ситуации за извршени работи од ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје и исплати за услуги за привремени вработувања.

3.Останати трошоци од работењето во извештајниот период изнесуваат 269.182.278 денари.

4.Пресметаниот трошок за амортизација во првото полугодие од 2020 година изнесува 1.102.618.423 денари.

5.Трошоците за вработените во извештајниот период реализирани се 97.589.066 денари.

6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики во извештајниот период изнесуват 588.998.951 денари. **Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од задолженоста на ЈП за државни патишта.

| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено прво полугодие 2020 | Остварено прво полугодие 2019 | Споредбе на анализа оств.тек.год./оств.претх.год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | Парични средства | 1.217.507 | 3.208.544 | 37,95% | 1,17% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 345.110 | 387.536 | 89,05% | 0,33% |
| 3 | Залихи | 1.435 | 1.518 | 94,53% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | | 27.010 | 0,00% | 0,00% |
| **6** | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **1.564.052** | **3.597.598** | **43,47%** | **1,51%** |
| **7** | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **102.090.654** | **92.444.764** | **110,43%** | **98,43%** |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 49.077 | 62.972 | 77,93% | 0,05% |
| **9** | **Нематеријални средства** | **12.264** | **18.603** | **65,92%** | **0,01%** |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | |
| 11 | Други средства | | | | |
| **12** | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **103.716.047** | **96.150.947** | **107,87%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Капитал)** | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 3.675.105 | 3.158.473 | 116,36% | 3,54% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 2.132.623 | 824.028 | 258,80% | 2,06% |
| **16** | **Тековни обврски (14+15)** | **3.675.105** | **3.158.473** | **116,36%** | **3,54%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 41.524.167 | 38.407.029 | 108,12% | 40,04% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 152.806 | 136.652 | 111,82% | 0,15% |
| **19** | **Нетековни средства (17+18)** | **41.676.973** | **38.543.681** | **108,13%** | **40,18%** |
| **20** | **Обврски (16+19)** | **45.352.078** | **41.702.154** | **108,75%** | **43,73%** |
| 21 | Капитал | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 40.128.314 | 34.951.435 | 114,81% | 38,69% |
| 23 | Резерви | 2.499.258 | 5.178.880 | 48,26% | 2,41% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 9,45% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 3.802.321 | 3.692.997 | 102,96% | 3,67% |
| **26** | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **56.231.346** | **53.624.765** | **104,86%** | **54,22%** |
| **27** | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **103.716.047** | **96.150.947** | **107,87%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ прво полугодие 2020 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План II квартал 2020 | Остварено прво полугодие 2020 | Оставрено прво полугодие 2019 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 2 | Акциза | 1.550.000 | 1.389.920 | 1.373.763 | 101,18% | 89,67% | 45,56% |
| 3 | Патарина | 1.500.000 | 892.140 | 1.121.671 | 79,54% | 59,48% | 29,25% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 825.000 | 754.808 | 753.763 | 100,14% | 91,49% | 24,74% |
| 5 | Други приходи | 21.500 | 13.687 | 11.991 | 114,14% | 63,66% | 0,45% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 3.896.500 | 3.050.555 | 3.261.188 | 93,54% | 78,29% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 15.500 | 2.818 | 2.466 | 114,27% | 18,18% | 0,43% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 190.000 | 651.935 | 362.014 | 180,09% | 343,12% | 99,57% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 205.500 | 654.753 | 364.480 | 179,64% | 318,61% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **4.102.000** | **3.705.308** | **3.625.668** | 102,20% | **90,33%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 34.500 | 49.329 | 32.286 | 152,79% | 142,98% | 4,50% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 632.400 | 680.272 | 535.894 | 126,94% | 107,57% | 62,05% |
| 15 | Трошоци за плата и надоместоци | 160.000 | 97.589 | 109.239 | 89,34% | 60,99% | 8,90% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 180.000 | 269.182 | 290.982 | 92,51% | 149,55% | 24,55% |
| 17 | Вкупно Расходи од дејноста | 1.006.900 | 1.096.372 | 968.401 | 113,21% | 108,89% | 100,00% |
| 18 | Камати | 165.000 | 27.888 | 20.758 | 134,35% | 16,90% | 1,65% |
| 19 | Амортизација | 850.000 | 1.102.618 | 863.790 | 127,65% | 129,72% | 65,18% |
| 20 | Негативни курсни разлики | 850.000 | 561.110 | 578.979 | 96,91% | 66,01% | 33,17% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 1.865.000 | 1.691.616 | 1.463.527 | 115,58% | 90,70% | 100,00% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 23 | **Вкупно расходи** | **2.871.900** | **2.787.988** | **2.431.928** | 114,64% | **97,08%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 24 | Финансиски резултат | 1.230.100 | 917.320 | 1.193.740 | 76,84% | 74,57% | |
| 25 | Данок на добивка | | | | | | |
| 26 | Нето Финансиски резултат | 1.230.100 | 917.320 | 1.193.740 | | | |

во илјада денари (000)

## VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2020

| | **3. Специфицирани приходи** | **Планирано прво полугодие2020 година** | **Остварено прво полугодие од 2020 година** | **Остварено прво полугодие 2019 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1.550.000 | 1.389.920 | 1.373.763 | 101,18% | 89,67% | 45,56% |
| 2 | Патарина | 1.500.000 | 892.140 | 1.121.671 | 79,54% | 59,48% | 29,25% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 825.000 | 754.808 | 753.763 | 100,14% | 91,49% | 24,74% |
| 4 | Други приходи | 21.500 | 13.687 | 11.991 | 114,14% | 63,66% | 0,45% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **3.896.500** | **3.050.555** | **3.261.188** | **93,54%** | **78,29%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 15.500 | 2.818 | 2.466 | 114,27% | 18,18% | 0,43% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 190.000 | 651.935 | 362.014 | 180,09% | 343,12% | 99,57% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **205.500** | **654.753** | **364.480** | **179,64%** | **318,61%** | **100,00%** |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **4.102.000** | **3.705.308** | **3.625.668** | **102,20%** | **90,33%** | |

во илјада денари (000)

## VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2020

| | **4. Специфицирани расходи** | **Планирано за прво полугодие 2020 година** | **Остварено за прво полугодие од 2020 година** | **Остварено за прво полугодие 2019 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 34.500 | 49.329 | 32.286 | 152,79% | 142,98% | 2,24% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 632.400 | 680.272 | 535.894 | 126,94% | 107,57% | 30,94% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 180.000 | 269.182 | 290.982 | 92,51% | 149,55% | 12,24% |
| 4 | Трошоци за вработени | 160.000 | 97.589 | 109.239 | 89,34% | 60,99% | 4,44% |
| 5 | Амортизација | 850.000 | 1.102.618 | 863.790 | 127,65% | 129,72% | 50,14% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **1.856.900** | **2.198.990** | **1.832.191** | **120,02%** | **118,42%** | **100,00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 165.000 | 27.888 | 20.758 | 134,35% | 16,90% | 1,00% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 850.000 | 561.110 | 578.979 | 96,91% | 66,01% | 20,13% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **1.015.000** | **588.998** | **599.737** | 98,21% | 58,03% | 21,13% |
| 10 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 11 | **Вкупно расходи (6+9)** | **2.871.900** | **2.787.988** | **2.431.928** | **114,64%** | **97,08%** | **100,00%** |
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | | 87.561 | 101.932 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | | 484 | 466 | | | |

IX. Извештај за реализирани Инвестициона програма во првото полугодие 2020 година:

| Инвестициона програма | Програма 2020 година | Реализација I-VI-2020 | Реализација I-VI-2019 | Индекс I-VI 2020 /I-VI-2019 | Реализација I-VI 2020/програм а 2020 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот I-VI 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **12.012.500.000** | **2.462.619.456** | **4.325.752.643** | **56,93** | **20,50%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **2.882.200.000** | **1.010.683.043** | **1.164.701.706** | **86,78** | **35,07%** | **41,04%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.676.200.000 | 492.234.812 | 662.185.480 | 74,33 | 29,37% | 19,99% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 700.000.000 | 147.965.150 | 123.729.282 | 119,59 | 21,14% | 6,01% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 200.000.000 | 168.811.465 | 263.181.180 | 64,14 | 84,41% | 6,85% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 300.000.000 | 188.949.463 | 113.907.545 | 165,88 | 62,98% | 7,67% |
| *Опрема | 6.000.000 | 12.272.153 | 1.698.219 | 749,15 | 212,04% | 0,52% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **9.130.300.000** | **1.451.936.413** | **3.161.050.937** | **45,93** | **15,90%** | **58,96%** |



## Графички приказ на Инвестициите од сопствени средства прво полугодие 2020




1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 1.010.683.043 денари и тоа:

- Средствата во износ од 492.234.812 денари реализирани се за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа: докомплетирање на автопатот Миладиновци-Штип, Ропалце-Матејче-Липково,Василево – Добрејци, Радовиш – Струмица, Колари – Кичево, Старо Коњарево - Ново Коњарево, Пелинце – ГП Пелинце, Смоквица – Удово, Прилеп – Тополчани – Битола, Прилеп – Прилепско езеро, транзит низ Делчево, Лабуништа – Бороец – Јабланица, врска Р1103 (Возарци) – Раец – Фариш, рехабилитација делница Манастир Свети Јован крстител, Струга-Дрслајца-Биџево-Долно Татеши - Мислодежда, Вевчани – Октиси врска со А2, Раброво – ГП Дојран, Мушов гроб – Мрежичко, Мислодежда – Збажди, Крушево – Слива – Пуста река, потоа санација на свлечишта, рехабилитација и изградба на мостови, осветлување на клучки и раскрсници. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР за проектот електронска патрина и сопствено учество во финансирање на автопатот Кичево – Охрид.
- За инвестициско одржување на државните патишта во првото полугодие од 2020 година потрошени се средства во износ од 147.965.150 денари согласно Договорот и

Програмата за одржување на државните патишта со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 168.811.465 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во првиот квартал од годината потрошени се 188.949.463 денари, и тоа за надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 126.182.313 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 62.767.150 денари.

-За набавка на опрема и софтвер потрошени се 12.722.153 денари.




2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.451.936.413 денари и тоа:

- За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта и Проектот за градба на делница Штип – Радовиш, финансирани од **ЕБОР** потрошени се 918.711.663 денари;
- За реализација на Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансирани од кредит од **Светска Банка** потрошени се 243.089.849 денари.
- за реализација на Проектот за изградба на делница Кичево – Охрид финансиран од Ексим банка потрошени се 290.134.901 денар.

**Директор**

**Зоран Китанов**